Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 5

22.04.2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

1. Го објавувам Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година, донесен на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/1 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 202/24) и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 17.04.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 31.03.2025 година со архивски број 10-135/2 од 07.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/4 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина демир Хисар за 2024 година, донесен на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/2 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 17.04.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година со архивски број 14-388/1 од 28.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/5 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1. Ја објавувам Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/3 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**ЗА 2025 година**

Март 2025 година
Демир Хисар

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16г) а согласно член 43 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен Гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**За контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година**

**1. ВОВЕД**

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третитање на бездомните кучиња-скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња за 2025 година е изработена согласно член 28 од Законот за заштита и благосостојба за животните („Сл. Весник на РМ“ број 149/14, 149/15 и 53/16г), во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните како и во согласност со Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за периодот 2023-2026г.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2025 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Демир Хисар ќе опфатат:

-заловување на кучињата,

-транспорт до прифатилиште,

-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,

-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,

-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,

-постоперативно сместување и нега,

-вакцинација и дехелментација,

-обележување со микрочип,

-спроведување на тест за социјализација,

**-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата, при што дополнително да се обележат со ушна маркица во боја (која ќе се користи во тековната година) на која е впишана ознаката на општината и единствен растечки број, согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните,**

-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,

**-сите податоци за активностите треба да се внесат и редовно да се ажурираат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство**

-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

## 4. ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### 4.1 Заловување на кучињата

Согласно законските прописи општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Постапката на заловување на кучињата ќе се врши од страна на избраниот оператор со кој Општина Демир Хисар ќе склучи договор за извршување на услугите, кој треба да поседува прифатилиште со одобрение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

### 4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на

докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно оправување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третиранита кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, **при што дополнително да се обележат со ушна маркица во боја (која ќе се користи во тековната година) на која е впишана ознаката на општината и единствен растечки број, согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните, а сите податоци треба да се внесат и редовно да се ажурираат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство.** Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Кучињата скитници кај кои лабораториски (од акредитирана лабораторија) ќе биде потврдена болеста Лајшманиоза ќе се третираат согласно важечката Годишна наредба за здравствена заштита на животните-дел 6. ДРУГИ ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ, 6.3. ЛАЈШМАНИОЗА.

Спроведување на тест за социјализација- се врши согласно важечкиот Правилник за начинот на споведување на тест за социјализација на куче. После спроведениот тест за социјализација, кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечки Правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени истите се еутанизираат во постапка согласно важечкиот Правилник.

**4.2 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња. За реализација на предвидените активности во програмата ќе се остварува соработка со невладини организации и здруженија кои се занимаваат со заштита на кучињата скитници.

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Согласно расположивите финансиски средства во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година, оваа година се предвидува да се третираат околу 60 кучиња на територијата на општината.

Според проценки од увидот на терен и редовните контакти со активисти од здруженијата за заштита на бездомните кучиња, бројот на кучиња скитници е значително поголем и ги надминува финансиските можности на општината според Буџетот за 2025г. Според Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар проценето е дека егзистираат околу 200 до 300 бездомни кучиња кои треба да се третираат во период од четири години (2023-2026г). Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња/месечно.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година, со средства од Програмата за други комунални услуги. Општина Демир Хисар ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на програмата, врз основа на доставени фактури за извршените активности потврдени од службеното лице со задолжение од Градоначалникот на општината.

| Реден број | Активност | Финансирање | Сума/денари |
|---|---|---|---|
| **Заловување, транспорт, идентификација и евиденција** | | | |
| 1. | Заловување на бездомни кучиња | Општина Демир Хисар | 7.000,00 |
| 2. | Идентификација и евиденција | Општина Демир Хисар | 33.000,00 |
| 3. | Транспорт до прифатилиште | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| 4. | Карантински престој (набљуд. и преглед од ветеринар) | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 5. | Престој во прифатилиште | Општина Демир Хисар | 59.000,00 |
| **Медицински третман на кучињата** | | | |
| 6. | Лабараториско испитување и вакцинација | Општина Демир Хисар | 70.000,00 |
| 7. | Овариохистеректомија и орхиектомија (стерилизација и кастрација) | Општина Демир Хисар | 80.000,00 |
| 8. | Постоперативно сместување и нега | Општина Демир Хисар | 15.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Еутаназија | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 10. | Закопување на мртви кучиња | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 11. | Транспорт | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| 12. | Тест за социјализација на опасни бездомни кучиња | Општина Демир Хисар | 60.000,00 |
| 13. | Обележување со ушна маркица во боја, на која е впишана ознака на општината и единствен растечки број | Општина Демир Хисар | 15.000,00 |
| 14. | Внесување на сите податоци во ИСАХВ и редовно ажурирање | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| **Подигнување на јавната свест** | | | |
| 13. | Организирање на јавни настани и манифестации за одглед. и вдомување на кучиња | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 14. | Непредвидени трошоци | Општина Демир Хисар | 6.000,00 |
| | | | |
| **Вкупно** | | | **400.000,00** |

## 7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, општината Демир Хисар се задолжува во рок од 15 дена, договорно да ангажира двајца лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

## 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година, ќе се применува по одобрување на истата од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ, и донесување од страна на Советот на општината.

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Демир Хисар. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот и годишен извештај кој ќе биде доставен за усвојување од Советот на општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-470/6 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за донесување на план за парцелација составен дел наУрбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР донесен со Одлука на Совет бр.08-120/1 од 02.09.1994год**

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на план за парцелација составен дел наУрбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР донесена со Одлука на Совет бр.08-120/1 од 02.09.1994година, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/4 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ 32/20”), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член од Статутот на Општина Демир Хисар, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 донесе,

**О Д Л У К А**
за донесување на план за парцелација составен дел наУрбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР донесен со Одлука на Совет бр.08-120/1 од 02.09.1994год.

Член 1

Со оваа одлука се донесува план за парцелација составен дел на на Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР, изработен од Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ” ДООЕЛ Битола со технички број У-70/24 од февруари 2024 година, согласно Деталниот урбанистички план за индустриска зона донесен со Одлука на Совет бр.08-120/1 од 02.09.1994год.) , Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање, поднесен од страна на Драган Јовановски со адреса на живеење с.Суводол, Општина Демир Хисар.

Член 2

Границата на проектниот опфат за овој Урбанистички проект со план за

парцелација ја формираат ободните страни на следните градежни парцели: Г.П.бр.19, Г.П.бр.20, Г.П.бр.21, Г.П.бр.22, Г.П.бр.23, Г.П.бр.24, Г.П.бр.25, Г.П.бр.26, Г.П.бр.27, Г.П.бр.28, Г.П.бр.29 и Г.П.бр.30 во Д.У.П. за индустриска зона Демир Хисар (Одлука бр.08-120/1 од 02.09.1994г.), Општина Демир Хисар, а ги зафаќаат следните катастарски парцели К.П.бр.260/2 и К.П.бр.263, К.О.Стругово, Општина Демир Хисар. Проектниот опфат на вака предложениот У.П. со план за парцелација има површина од 0.59ха или точно 5988м2.

Член 3

Со овај Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П.бр.19, Г.П.бр.20, Г.П.бр.21, Г.П.бр.22, Г.П.бр.23, Г.П.бр.24, Г.П.бр.25, Г.П.бр.26, Г.П.бр.27, Г.П.бр.28, Г.П.бр.29 и Г.П.бр.30 во Д.У.П. за индустриска зона Демир Хисар (Одлука бр.08-120/1 од 02.09.1994г.), Општина Демир Хисар се предвидува формирање на една нова градежна парцела, односно спојување на првичните дванаесет градежни парцели во една. Новата градежна парцела (Г.П.бр.1.19-30) ќе има намена согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), и тоа: група на класи на намени Г-Производство, рударство, енергетика и индустрија, класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, а основна класа на намена да биде Г2.5-Индустриски работилници и складови.

Член 4

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/7 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на План за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1. Го објавувам Планот за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесен на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/5 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

# План за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар

***2025година***

# ПЛАН
# за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година

Согласно Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените, како постојано работно тело на Советот на Општина Демир Хисар функционира Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во понатомошниот текст КЕМ).
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.
Донесувањето на овој документ ќе значи и потврда на реализацијата на активностите предвидени со Програмата за еднаквите можности за 2025 година, усвоена на Совет, а кои се однесуваат на сузбивање на стереотипите и предрасудите, превенција од родово – базирано насилство, економско јакнење на жените, зголемување на вработеноста кај жените, унапредување на статусот на жените во земјоделството, како и вреднување на лидерските потенцијали на жените.

## 1 Општа цел

- Превенција од насилство, насилство врз жените и мажите и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);
- Промоција и вклучување на Општина Демир Хисаар во родово одговорно буџетирање, ефективно вградување на родовите перспективи во сите општествени текови, политики и практики, како и анализа на локалните програми;
- Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата: врз етничка, верска, полова и друга основа);
- Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО), Здруженија активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот;
- Промоција на концептот за поттикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество.



## 2 Посебни цели

- Активности насочени против родово базирано насилство и насилство врз жените вклучувајки го и семејното насилство и секаков вид на насилство;
- Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во Општината;
- Превенција и намалување на конфликтите помеѓу децата поттикнатти од етнички, верски традиционални и други разлики и почитување на истите;
- Јакнење на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Хисар со НВО;
- Еднакви можности на сите членови на заедницата за вклучување во јавниот, политичкиот и социјалниот живот (градење на граѓански активизам).

## 3 Задачи

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, делегирани се следните задачи на КЕМ:
- дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот.
- учествува при креирање и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на Стратегијата за развој на ЕЛС, донесувањето на Буџетот на ЕЛС, статутот,, програмата за работа и др.
- идентификува и дава предлози за начините на инкорпирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на ЕЛС и општинската администрација.

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја законската легислатива, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

Припадниците на двата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

Во тековната 2025 година, КЕМ да посети продуктивна работилница која ќе биде со тематика и насоки во креирање и изработка на локалната стратегија, која, исто така ќе придонесе во креирањето на идните правци на делување на Комисијата.

## 4 сфери на делување

1. Спречување на сите форми на насилство врз жените и други форми на насилство, семејно насилство,
2. Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ;
3. Еднакви можности и антидискриминација во сите области (врз родова, етничка, културна, традиционална, религиозна и друга основа);
4. Вклучување на граѓаните преку своите претставници во креирање на политики на локално ниво (граѓански активизам);
5. Родови аспекти во политиките за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Форми и облици за реализација на активностите

- Работилници
- Лобирање и креативно делување
- Организирање дебати за определени прашања
- Семинари
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

Изработил:
Координатор за еднакви можности на мажите и жените при Општина Демир Хисар
Даниел Станојоски, помлад референт

Бр.17-470/8
17.04.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година**

1. Ја објавувам Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/6 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 89/22 и 274/22 и 208/24), како и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година со бр. 0202-115/4 од 07.04.2025 година донесена од Управен одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година со бр. 0202-115/4 од 07.04.2025 година донесена од Управен одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/9 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година**

1. Ја објавувам Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/7 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ” бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 89/22 и 274/22 и 208/24), како и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година со бр. 0202-115/3 од 07.04.2025 година донесена од Управен одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Комуналец Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година со бр. 0202-115/3 од 07.04.2025 година донесена од Управен одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/10 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлука за за давање согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар , донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/8 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр.202/24), како и член 158 став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар**

Член 1

Се дава согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар на проф. д-р Менде Солунчевски за ставање на корицата во неговата збирка песни ,,Демирхисрски гордости”

Член 2

Проф. д-р Менде Солунчевски поднесе барање заведено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 08-311/1 од 14.03.2025 година за согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар за ставање на задната страна од дизајнот на корицата во неговата збирка песни ,,Демирхисрски гордости” која е во функција на промовирање на руралниот туризам во Општина Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-470/11 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение**

**за разрешување на член во училишен одбор во ООУ ,,Гоце Делчев" Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за разрешување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар , донесено на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/9 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24"), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 176 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 17.04.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член во училишен одбор во ООУ ,,Гоце Делчев" Демир Хисар**

1. Се разрешува Кети Митревска од член во училишен одбор во ООУ ,,Гоце Делчев" Демир Хисар, именувана со решение бр. 17-444/19 од 12.04.2023 година.

2. Разрешувањето се врши поради поднесено барање со бр. 17-512/1 од 16.04.2025 од ООУ ,,Гоце Делчев" Демир Хисар во согласност со член 176 од Законот за основно обазование (,,Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25).

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, разрешен член и ООУ ,,Гоце Делчев" Демир Хисар

Бр.17-470/12 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар , донесено на 47-мата седница на Совет на Општина

Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/10 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 106 став 2 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ” бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), советот на Општина Демир Хисар на седниицат одржана на 17.04.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член во училишен одбор во ООУ ,,Гоце Делчев” Демир Хисар**

1. За член во училишен одбор во ООУ ,,Гоце Делчев” Демир Хисар претставник од локална самоуправа се именува

   - Кети Митревска

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до
-архива на Општина Демир Хисар
-именуван член
-ООУ ,,Гоце Делчев” Демир Хисар

Бр.17-470/13 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на проект „Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“**

1. Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проект **„Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“** Демир Хисар , донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/11 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 94, став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на проект
**„Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за учество во кофинансирање на проектот „Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“.

Член 2

Вкупната вредност на проектот „Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“ изнесува 6.068.187,79 денари, а Општина Демир Хисар за реализација на истиот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 472.177,00 денари.

Останатите финансиски средства во износ од 5.596.010,79 денари се обезбедени преку Бирото за регионален развој.

Изразените вредности се со влкучен ДДВ од 18%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-470/14 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на проект „ Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска во Општина Демир Хисар“**

1. Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проект „ **Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска во Општина Демир Хисар“** Демир Хисар , донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 17.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 525/12 Општина Демир Хисар**
**22.04.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 94, став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на проект
**“Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за учество во кофинансирање на проектот “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“.

Член 2

Вкупната вредност на проектот “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“ изнесува 10.865.712,58 денари, а Општина Демир Хисар за реализација на истиот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 5.812.637,58 денари,

Останатите финансиски средства во износ од 5.053.075,00 денари се обезбедени преку Бирото за регионален развој.

Изразените вредности се со влкучен ДДВ од 18%.

Член 3

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за кофинансирање на проект “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“ заверен со архивски број 17-150/6 од 08.02.2024 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 4/2024).

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-470/15 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

---

СОДРЖИНА

1.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година----1
2.Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година--------------------------------------------2
3.Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година---------------------3-8
4.Одлука за донесување на план за парцелација составен дел наУрбанистички проект со план за парцелација на Г.П бр.19, Г.П. бр.20, Г.П. бр.21, Г.П. бр.22, Г.П. бр.23, Г.П. бр.24, Г.П. бр.25, Г.П. бр.26, Г.П. бр.27, Г.П. бр.28, Г.П. бр.29 и Г.П. бр.30 во Д.У.П ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР донесен со Одлука на Совет бр.08-120/1 од 02.09.1994год.)------------------------------------8-9
5.План за работа на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Демир Хисар за 2025 г-----------------------------------10-13
6.Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 год14-15
7. Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец” Демир Хисар за регулиран период 2025-2027 година-------------------------------15-16
8.Одлука за давање согласност за употреба на грбот на Општина Демир Хисар------------------16

9.Решение за разрешување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар--------------------------------------------------17
10. Решение за именување на член во Училишен одбор во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар---------------------------------------------------18-
11.Одлука за кофинансирање на проектот **„Реконструкција на градски парк во Општина Демир Хисар“**-----------------------------------------19
12.Одлука за кофинансирање на проектот **“Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“**--------------------------------------------20

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**